# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| "Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. | Петок, 8 март 2002 Скопје Број 18 Год. LVIII | Аконтацијата за 2002 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 120 денари. Жиро сметка 300000000188798 |
|---|---|---|


**273.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АМНЕСТИЈА**

Се прогласува Законот за амнестија,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 март 2002 година.

Бр. 07-1117/1
7 март 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА АМНЕСТИЈА**

Член 1

Со овој закон се ослободуваат од гонење, се запираат кривичните постапки и потполно се ослободуваат од извршувањето на казната затвор (во натамошниот текст: амнестија), граѓани на Република Македонија, лица со законски престој, како и лица кои имаат имот или семејство во Република Македонија (во натамошниот текст: лица), за кои постои основано сомневање дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот во 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година.

Амнестијата се однесува и на лица кои и пред 1 јануари 2001 година, подготвувале или сториле кривични дела во врска со конфликтот во 2001 година.

Со амнестијата од ставовите 1 и 2 на овој член:

- се ослободуваат од гонење за кривично дело според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија лицата за кои постои основано сомнение дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година;
- се запираат кривичните постапки за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија против лицата за кои постои основано сомнение дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година;
- потполно се ослободуваат од извршување на казната затвор за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија лицата кои подготвувале или извршиле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година и
- се определува бришење на осудата и се укинува правната последица на осудата заклучно со 26 септември 2001 година.

Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член не се однесуваат на лицата кои извршиле кривични дела поврзани и во врска со конфликтот во 2001 година, кои се во надлежност и за кои Меѓународниот трибунал за гонење на лица одговорни за тешко кршење на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година ќе поведе постапка.

Член 2

Одредбата од член 1 освен ставот 4 на овој закон се однесува и на лицата кои во периодот додека траел конфликтот не се одзвале на поканата и ја одбегнале воената служба и воената вежба, како и на лицата кои самоволно се оддалечиле од вооружените сили.

Член 3

Се ослободуваат од извршување казната затвор за 25% од неиздржаниот дел од казната лицата осудени со правосилна пресуда за кривични дела пропишани со Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија, а кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржувањето на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија.

Одредбата од став 1 на овој член не се однесува на лицата осудени за кривични дела против човечноста и меѓународното право, неовластеното производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори, овозможувањето на употреба наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, како и на лицата осудени на казна доживотен затвор.

Член 4

Ако против лицата од членовите 1 и 2 на овој закон не е поднесена кривична пријава, истата нема да се поднесе.

Член 5

Постапката за примена на овој закон за лицата од член 1 став 3 алинеи 1 и 2 и член 2 на овој закон, против кои е во тек кривична постапка, ја поведува по службена должност надлежниот јавен обвинител, односно надлежниот првостепен суд или лицето на кое се однесува амнестијата, односно лице кое во корист на обвинетиот може да изјави жалба.

Постапката за примена на овој закон за лицата од член 1 став 3 алинеја 3 и членовите 2 и 3 на овој закон, за кои кривичната постапка правосилно е завршена ја поведува по службена должност казнено-поправната установа во која осуденото лице ја издржува казната затвор, а за лицата кои не отпочнале со издржување на казната затвор, постапката ја поведува по службена должност судот што ја донел првостепената пресуда или по барање на јавниот обвинител или осуденото лице.

Решението за амнестија за лицата од ставовите 1 и 2 на овој член, го донесува надлежниот орган согласно со Законот за кривична постапка, односно Законот за извршување на санкциите во рок од три дена од денот на донесувањето на овој закон.

Член 6

Против решенијата од член 5 став 3 на овој закон, жалба можат да поднесат јавниот обвинител, лицата на кои се однесува амнестијата и лицата кои во нивна корист можат да изјават жалба.

Јавниот обвинител не може да поднесе жалба против решението со кое лицето е амнестирано.

По жалбата против решението на првостепениот суд одлучува непосредно повисокиот суд, а против решението на казнено-поправната установа одлучува Министерството за правда.

Жалбата од став 1 на овој член не го задржува правото на извршување на решението.

Член 7

Во постапката за спроведување на овој закон се применуваат и одредбите на Законот за кривичната постапка и Законот за извршување на санкциите, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 8

Упатство за спроведување на овој закон може да донесе министерот за правда наредниот ден од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**274.**

**УКАЗ БР. 42**

Врз основа на член 15, став 1, точка 16 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/92)

Се разрешува

Генерал Петровски Алекса Панде

ЕМБГ 2612943480012, од должноста: советник на министерот за одбрана за развој и употреба на АРМ.

Разрешувањето од должноста да се изврши на 01.03.2002 година, со што му престанува и службата во постојниот состав на Армијата на Република Македонија поради стекнување со услови за право за лична пензија.

Овој указ да се изврши веднаш.

Бр. 07-220
5 март 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

**275.**

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001 и 103/2001), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**

1. За заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници, се именува Исмаил Дарљишта.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1096/1
5 март 2002 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Оломан Сулејмани,** с.р.

**276.**

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија, член 12 од Привремениот Деловник на Собранието на Република Македонија и член 2 точка 6 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија"бр. 56/98), точка 2. под б) за членови, наместо "Јордан Бошков" треба да стои "Коце Трајаноски".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1099/1
5 март 2002 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Оломан Сулејмани,** с.р.

**277.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР "ТРИФУН ПАНОВСКИ"-БИТОЛА**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Трифун Пановски"-Битола, се именуваат:

- Влатко Канчиски, дипл. економист, вработен во РЕК "Битола";
- Борис Треневски, архитект од Битола;
- Лазо Божиновски, дипл. економист; и
- д-р Димитар Котески, лекар-специјалист во пензија.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Трифун Пановски"-Битола.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1097/1
5 март 2002 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Оломан Сулејмани,** с.р.

**278.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ГРАДСКА АПТЕКА "СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "Скопје"-Скопје, се именуваат:

- Чедомир Крањевски, пратеник во Собранието на РМ;
- Воислав Стојановски, пратеник во Собранието на РМ;
- Фатмир Етеми, пратеник во Собранието на РМ; и
- Магдалена Антова-Велевска, пратеник во Собранието на РМ.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "Скопје"-Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1098/1
5 март 2002 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Оломан Сулејмани,** с.р.

**279.**

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 март 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/98, 22/99, 7/2000, 16/2000, 44/2000, 68/2001 и 103/2001), во Дел I точка 2. Законодавно-правна комисија под б) за членови, наместо "Ѓорѓи Спасов и Хисни Шаќири" треба да стои "Ристо Тодоров и Ќани Алиу", точка 6. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот под б) за членови, наместо "Филип Петровски" треба да стои "Жарко Јанкоски", точка 7. Комисија за меѓунационални односи под б) за членови, наместо "Хисни Шаќири" треба да стои "Ќани Алиу", точка 7-а. Комисија за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање под б) за членови, наместо "Филип Петровски" треба да стои "Воислав Стојановски", точка 12. Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство под б) за членови, наместо "Ристо Тодоров" треба да стои "Мирко Иванов", точка 15. Комисија за екологија, млади и спорт под б) за членови, наместо "Радмила Шекеринска" треба да стои "Јани Макрадули", точка 16. Комисија за образование и наука под б) за членови, наместо "Лазар Китановски" треба да стои "Јани Макрадули", точка 18. Комисија за здравство под б) за членови, наместо "Мирко Иванов" треба да стои "Магдалена Антова-Велевска" и точка 20. Комисија за одбележување на значајни настани и личности под б) за членови, наместо "Алириза Лога" треба да стои "Демуш Бајрами".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 07-1100/1 | Потпретседател |
| 5 март 2002 година | на Собранието на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Оломан Сулејмани,** с.р. |

**280.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 февруари 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР - ШТИП**

1. Симеон Гаврилов се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Народниот театар во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-962/2 | Претседател на Владата |
| 26 февруари 2002 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Љубчо Георгиевски,** с.р. |

**281.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 февруари 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР - ШТИП**

1. За вршител на должноста директор на Народниот театар - Штип се именува Миланчо Георгиев, дипл. актер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-1015/1 | Претседател на Владата |
| 26 февруари 2002 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Љубчо Георгиевски,** с.р. |

**282.**

Врз основа на член 100 став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 февруари 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР - СКОПЈЕ**

1. Од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Драмскиот театар - Скопје се разрешуваат:
а) претседателот
- Кирил Темков
б) членовите
- Фирдаус Неби,
- Мичо Поп-Јанев,
- Драган Спасов,
- Сабина Ајрула.

2. За претседател и членови на Управниот одбор на Драмскиот театар - Скопје се именуваат:
а) за претседател
- Сашо Павловски, филмски режисер
б) за членови
- Влатко Стефановски, музичар,
- Јордан Даниловски, писател,
од редот на вработените
- Бранко Ѓорчев, дипл. актер,
- Дејан Лилиќ, дипл. актер.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-865/2 | Претседател на Владата |
| 26 февруари 2002 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Љубчо Георгиевски,** с.р. |

**283.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 20 февруари 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. Се укинува Одлуката за измена и дополна на ДУП за МЗ "Гоце Делчев" Куманово, ул. "Васко Карангелески" бр. 07 - 766/1, донесена од Советот на Општината Куманово на 30 март 2000 година.

2. Се става вон сила решението со кое се запира донесувањето односно извршувањето на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на актот означен во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Слободан Крстевски, Благе Ристевски, Тихомир Цветановски, Кирил Анчевски и Цане Спасовски од Куманово со решение У. бр. 107/2001 од 5 декември 2001 година поведе постапка за оценување законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука бидејќи основано се постави прашањето за неговата согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

5. Судот на седницата утврди дека согласно членот 1 од Одлуката се донесува измената и дополна на ДУП за МЗ "Гоце Делчев" Куманово - ул. "Васко Карангелески". Членот 2 уредува дека составен дел на измената и дополна на планот е текстуалниот дел со одредба за реализација, графички дел во М = 1 : 1000 со следните фази: катен, висински и наменски план, инфраструктурен план, синтезна карта и извод од ГУП. Според членот 3, документацијата од членот 2 на Одлуката ја потпишува градоначалникот на Општина Куманово и началникот на Министерството за урбанизам и градежништво ПЕ Куманово со назначување на бројот и датумот на седницата на која е донесена и се заверува со печатот на градоначалникот. Заверената копија од документацијата останува во архивата на единицата на локалната самоуправа, а оригиналната документација се предава на реализирање во ПЕ на Министерството за урбанизам и градежништво - Куманово. Согласно членот 4, Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Куманово".

6. Со Законот за просторно и урбанистичко планирање се уредува, меѓу другото, изработувањето и постапката за донесување на плановите.

Согласно членот 2 од овој закон, просторното и урбанистичко планирање е континуиран процес кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови кои меѓусебно се усогласуваат.

Според членот 17 на овој закон, плановите се изработуваат како нацрт и како предлог план, а по нацртот на деталниот урбанистички план се спроведува јавна анкета.

Јавната анкета, пак, се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 15 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, доставуваат писмени забелешки на анкетни листови до организаторот на анкетата. За времето и местото каде ќе биде изложен планот задолжително се објавува соопштение во јавните гласила. Извештај за јавната анкета со образложение за неприфатените забелешки изработува општината (член 18).

Согласно член 20 од овој закон, измените и дополнувањата на плановите се вршат по иста постапка пропишана за нивно донесување, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Според членот 22 став 6 и 7 од овој закон, урбанистичките планови можат да се спроведуваат по издавање на согласност од Министерството надлежно за работите на урбанизмот. Плановите за кои не е издадена согласност, се сметаат дека не се донесени.

Во конкретниот случај според документацијата со која располага Судот произлегува дека има: Одлука за измена и дополна на ДУП на МЗ "Гоце Делчев", Куманово - ул. "Васко Карангелески"; согласност од Министерството за урбанизам и градежништво; заклучок на Советот на Општината Куманово за организирање на јавна анкета по Нацртот на измената и дополната на планот; соопштение од канцеларијата на главниот архитект на градот за времето и местото на изложувањето на нацртот на планот; извештај од јавната анкета по Нацртот на планот; стручно мислење од главниот архитект на град Куманово, известување за постапување по извештајот од јавна анкета, програми за изработка на урбанистички планови за град Куманово за 1998 и 1999 година, во кои е утврдено дека врз основа на поднесени барања, а по направени анализи, услови за покренување иницијатива за измена и дополна на ДУП има меѓу другите и МЗ "Гоце Делчев", ул. "Васко Карангелески" и е зацртано дека е потребно да се изврши финансирање од страна на Општината за измените и дополните на ДУП за МЗ "Гоце Делчев"; извештај од извршена стручна ревизија на планот, изготвен од Институтот за просторно планирање, урбанизам, сообраќај и екологија на Македонија "ИН ПУМА" - Скопје и одговор на стручна ревизија од изготвувачот на планот претпријатието "Простор" ДОО Куманово.

Според приложената документација која претходела на донесувањето на оспорениот акт, произлегува дека недостасува одлука за пристапување кон изменување и дополнување на урбанистичкиот план и одлука за усвојување на нацртот на планот.

Со оглед на тоа што овие одлуки се дел од постапката за донесување на урбанистички планови и дека требало да бидат донесени, Судот оцени дека оспорената одлука не е во согласност со одредбите од Законот за просторното и урбанистичко планирање.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 на оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 107/2001
20 февруари 2002 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

---

**284.**

Врз основа на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за републичките награди, член 12 од Законот за републичките награди и член 14 од Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството, Одборот, на седницата одржана на 12 февруари 2002 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Наградата "за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството", во областа на публицистиката му се доделува на Благоја Нинески, за книгата "Избори и медиуми", издадена во 2001 година од НИП "Студентски збор".

2. Наградата "за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството", во областа на новинарството им се доделува на Спас Марковски и Блаже Миновски, за серија репортажи за загинатите бранители на Македонија, објавени во весникот "Вечер" во 2001 година и на Даут Даути, за серија написи под заеднички наднаслов "Преку црвената линија", објавени во весникот "Дневник" во 2001 година.

3. На добитникот од точка 1 на оваа одлука му се врачува диплома и паричен износ на наградата во висина од 5 (пет) просечни плати, исплатени во стопанството на Република Македонија во последните три месеци од тековната година.

4. На добитниците од точка 2 на оваа одлука им се врачува диплома и паричен износ од 5 (пет) просечни плати, исплатени во стопанството на Република Македонија во последните три месеци од тековната година. Наградата се дели така што едната половина ја делат Спас Марковски и Блаже Миновски, а втората половина ја добива Даут Даути.

5. Наградата им се врачува на добитниците на свечен начин, на 18 февруари 2002 година (понеделник), а по повод Денот на Македонското новинарство.

6. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 10-20/1
12 февруари 2002 година
Скопје

Претседател на Одборот,
**Иван Андреевски,** с.р.

---

## *Огласен дел*

### СУДСКИ ОГЛАСИ

#### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Во врска со спорот оформен по тужба на тужителот Методија Ингилиски, против тужениот Павле Србиноски, за долг, вредност на спорот 6.000 ДЕМ, потребно е Вие како тужител да го објавите приложениот судски оглас во рок од 15 дена по приемот на писмото и во рок од 15 дена да доставите доказ дека сте го доставиле огласот. Во спротивно судот ќе смета дека немате интерес за водење на овој спор, поради што се постапи согласно чл. 98 од ЗПП.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVIII П. бр. 60/01. (6134)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје, заведен е спор под III. П. бр. 1961/01, а по тужбата на тужителот Панче Ацковски од Скопје, ул. "Петар Манџуков" бр. 1, против тужената Жаклина Ацковска, моминско Блажевска од Скопје, ул. "Петар Манџуков" бр. 1, со моментално престојувалиште во Волонгонг, Австралија, со непозната адреса, за развод на брак, по чл. 40 од Законот за семејството.

Се повикува Жаклина Ацковска, моминско Блажевска во рок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето на судскиот оглас, да се јави во Основниот суд Скопје II - Скопје или да ја достави својата точна адреса на живеење, во спротивно во смисла на чл. 78 став 2 точка 4 од ЗПП ќе и биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува нејзините интереси во спорот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, III. П. бр. 1961/01. (6283)

#### ОСНОВЕН СУД ВО КРУШЕВО

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Ибровиќ Есат од с. Житоше против тужената Фригиди Наташа сега со непозната адреса на живеење во Германија.

Се повикува тужената да се јави пред Основниот суд Крушево во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и да достави своја адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе и одреди привремен застапник кој ќе ги штити нејзините права и интереси.

Од Основниот суд во Крушево, П. бр. 4/2002.

(6151)

#### ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП

Основниот суд во Прилеп, го повикува лицето Ѓоре Пашоски од с. Пашино Рувци, да се јави во Основниот суд во Прилеп, како и секој друг што знае за неговиот живот да се јави во овој суд во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", бидејќи во овој суд се води постапка за докажување на смрт.

По истекот на овој рок лицето Пашоски Ѓоре ќе биде прогласено за умрено.

Од Основниот суд во Прилеп, Р. бр. 488/2001.

(6148)

Пред Основниот суд во Прилеп заведена е парница по тужба на тужителот Илија Ангелески од Прилеп поднесена против тужените Душко Најдоски од Прилеп и Љуба Илиева Бжева, Илија Бојаџиев, Еленка Илиева Радева, Ѓорѓи Петров Ацев и Ангел Илиев сите со непозната адреса на живеење, утврдување на право на сопственост на недвижен имот.

Бидејќи тужените Љуба Илиева Бжева, Илија Бојаџиев, Еленка Илиева Радева , Ѓорѓи Петров Ацев и Ангел Илиев се со непозната адреса на живеење се повикуваат да се јават во овој суд во рок од 30 дена сметано од денот на огласот или пак да доставaт своја адреса на живеење. Доколку во определениот рок истите не се јават во судот ниту пак ќе определат свој полномошник, нивните интереси до правосилноста на постапката ќе ги застапува привремениот застапник што ќе го назначи овој суд.

Од Основниот суд во Прилеп, П. бр. 113/2001.

(6150)

#### ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужба на тужителот Таири Ќемал Мујадин од с. Доброште-тетовско, против тужената Родигер Миххаелла Герда од Германија, сега со непозната адреса.

Се повикува тужената Родигер Миххаелла Герда да се јави во судот, да остави своја точна адреса или одреди свој полномошник кој ќе ја застапува во постапката и тоа во рок од 15 дена од објавувањето на огласот, во спротивно судот преку ЦСР Тетово ќе и определи времен старател кој ќе ја застапува во постапката за развод на брак, се до нејзиното правосилно окончување.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 103/2002.

(6149)

---

### СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение II. Ст. бр. 428/2001 донесено на 30.01.2002 година отворена е стечајна постапка над должникот "ПКБ - ВЕЛЕТРГОВИНА" Скопје со седиште на бул. "Кочо Рацин" бр. 28, и жиро сметка број 40100-601-129160.

За стечаен судија е определена Зорица Илиовска судија на овој суд. За стечаен управник е определен Радослав Кипровски од Скопје со адреса бул. "АСНОМ" бр. 8-3/36.

Се повикуваат доверителите во рок од 15 дена да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник. Се повикуваат доверителите кои имаат разлачни права на подвижни предмети и правата на должникот, како и доверителите кои имаат разлачни права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги (катастарот) во рок од 15 дена да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат должниковите должници своите обврски да ги исполнуваат на стечајниот управник. Се закажува рочиште на собир на доверители-за испитување и утврдување на пријавените побарувања и рочиште на собрание на доверители на кое врз основа на извештајот на стечајниот управник доверителите ќе одлучуваат за понатамошниот тек на постапката (извештајно рочиште) за 20.03.2002 година во 8,40 во Основниот суд Скопје I - Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6437)

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II. Ст. бр. 438/2001 од 30.01.2002 година отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за градежништво, инженеринг и трговија "МАКСИМИЛИАН" Мирјана и други ДОО Скопје со седиште на ул. "Букурешка" бр. 131, и жиро сметка 40120-601-408190, па истата не се спроведува и се заклучува отворената стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, градежништво и инженеринг "МАКСИМИЛИАН" Мирјана и други ДОО Скопје

По правосилноста на решението должникот да се избрише од регистарот на претпријатија при овој суд.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6337)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје, објавува дека со решение IV. Ст. бр. 54/02 од 25.02.2002 година се отвора стечајна постапка над должникот Трговско претпријатие "КОМПАНИЈА ДЕНИ-95" ДОО увоз-извоз со седиште на ул. "Шуто Оризари" бр. 37, со жиро сметка бр. 40100-601-356002, како и број на регистарска влошка 1-64057-0-0-0 при регистарот на Основниот суд Скопје I - Скопје и истата не се спроведува.

Отворената стечајна постапка над должникот Трговско претпријатие "КОМПАНИЈА ДЕНИ-95" ДОО се заклучува.

По правосилноста на решението должникот да се брише од трговскиот регистар кој го води Основниот суд Скопје I - Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (6338)

---

Основниот суд во Тетово со решение Ст. бр. 54/2001 од 13.02.2002 година, над Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги КОДЕКС Зоран ДООЕЛ увоз-извоз од Тетово, ул. "М.Тито" бр. 36, со жиро сметка 41500-601-31252 и регистарска влошка бр. 020221235-0-03-0-0-0, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Тетово. (6418)

---

Со решение на Основниот суд во Кавадарци Ст. бр. 3/2002 од 27.02.2002 година, е отворена стечајна постапка над стечајниот должник ПТТП"Сервотранс" ДОО увоз-извоз Кавадарци ул. "Шишка" бр. 158, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (6419)

---

Со решение на Основниот суд во Кавадарци Ст. бр. 5/2002 од 27.02.2002 година, е отворена стечајна постапка над стечајниот должник ПУП"Антигона-94" ЦО увоз-извоз Неготино ул. "Киро Крстев" бр. 87, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (6420)

---

Основниот суд во Кавадарци објавува дека со решение Ст. бр. 100/01 од 29.01.2002 година, е отворена стечајна постапка над стечајниот должник ПТУ "Бад Консалтинг" експорт-импорт ДОО Кавадарци ул. Пано Мударов" бр. 13, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (6421)

---

Со решение на Основниот суд во Кавадарци Ст. бр. 8/2002 од 04.02.2002 година, е отворена стечајна постапка над стечајниот должник ППУ "Ки-Ко Промет" извоз-увоз ПО Неготино ул. "Јане Сандански" бр. 5, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (6422)

Со решение на Основниот суд во Кавадарци Ст. бр. 103/2001 од 29.01.2002 година, е отворена стечајна постапка над стечајниот должник ТП Харизан Ѓорѓи Митрев "Пикадили" курс за странски јазици ул. "Индустриска" бр. 40, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (6423)

---

Со решение на Основниот суд во Кавадарци Ст. бр. 12/2002 од 08.02.2002 година, е отворена стечајна постапка над стечајниот должник ПГТ "Гидра Универзал" с. Росоман, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (6424)

---

Со решение на Основниот суд во Кавадарци Ст. бр. 108/2001 од 13.02.2002 година, е отворена стечајна постапка над стечајниот должник ТП-Трговец-поединец "Нано" Бифе Лазар Никола Бањански од Кавадарци ул. "Булевар Македонија" бр. 24, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (6425)

---

Со решение на Основниот суд во Кавадарци Ст. бр. 107/01 од 19.02.2002 година, е отворена стечајна постапка над стечајниот должник ДПТУ "Санга" Паско ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци ул. "Ѓорѓи Соколов" бр. 67, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (6426)

---

Основниот суд во Кичево, со решение Ст. бр. 22/2002 од 26.02.2002 година, отвори стечајна постапка на должникот Друштво за трговија, производство и услуги "ДИСИ Комерц" Слободан и др. увоз-извоз ДОО, М. Брод ул. "I.Игески Цветан" бр. 18, и истата не се спроведува поради немање на средства на стечајна маса и се заклучува стечајната постапка над должникот согласно член 64 став 1 од Законот за стечај.

Од Основниот суд во Кичево. (6427)

---

Основниот суд во Битола со решение Ст. бр. 38/02 од 28.02.2002, над Т.П. "Бимбо" Битола ул. "Тошо Даскало" бр. 20, дејност услужна со жиро сметка 290-2000000245-82, при "Тетекс" - Кредитна банка, отвори стечајна постапка, но не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (6428)

---

Основниот суд во Битола со решение Ст. бр. 48/02 од 21.02.2002, над Т.П. "Роберт Кире Стојановски" с. Новаци, дејност такси превоз со жиро сметка 40300-601-108632, при ЗПП-филијала Битола, отвори стечајна постапка, но не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (6429)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II. Ст. бр. 434/2001 од 30.01.2002 година отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, производство и услуги "ОЛИМПИЈА Сахит" ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на бул. "Партизански одреди" бр. 155-к-1/2-12, и жиро сметка 40120-601-304598, па истата не се спроведува и се заклучува отворената стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, производство и услуги "ОЛИМПИЈА Сахит" ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

По правосилноста на решението должникот да се избрише од регистарот на претпријатија при овој суд.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6435)

Основниот суд Скопје II - Скопје, објавува дека со решение III. Ст. бр. 132/01 од 13.06.2001 година се отвора стечајна постапка над должникот Трговско претпријатие "ЕКСТРА СОЛВЕНТ" увоз-извоз Скопје со седиште на ул. "Никола Малешевски" бр. 39/1-4, Скопје, со жиро сметка 40100-601-97351, и регистарска влошка 1-13926-0-0-0 при регистарот на Основниот суд Скопје I - Скопје и истата не се спроведува.

Отворената стечајна постапка над должникот ТП "ЕКСТРА СОЛВЕНТ" - Скопје се заклучува.

По правосилноста на решението должникот да се брише од трговскиот регистар кој го води Основниот суд Скопје I - Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (6434)

## ЛИКВИДАЦИИ

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд I.Л. бр. 409/2001 од 18.12.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за промет на големо "ПИРИФАН"-Скопје, ул. "Темко Попов" бр. 26, со жиро сметка 40110-601-21623.

За ликвидатор се определува лицето Анита Наков од Скопје со стан на ул. "Петарпопарсов" бр. 40 и тел. 211-530.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (3118)

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд I.Л. бр. 399/2001 од 18.12.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за консалтинг, услуги и трговија "МОНД ТРЕЈД" ДОО Скопје, ул. "ЈНА" бр. 25, со жиро сметка 40100-601-273973.

За ликвидатор се определува лицето Душко Тодевски од Скопје, со стан на ул. "Беровска" бр. 2/2-15.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6339)

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд I.Л. бр. 25/2002 од 31.12.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Младинска Задруга "КУМАНОВО" ЦО - Куманово, ул. "Илинденска" бб, со жиро сметка 230020000006736.

За ликвидатор се определува лицето Цветановска Миска од Скопје, со стан на ул. "Методија Митревски" бр. 1-3/6.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6340)

Ликвидаторот Севриевска Мирјана од Скопје, ул. "Славка Димкова" бр. 47, запишан во судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 2038/2001 објавува дека Друштвото ГРЕМИН - Мирјана ДООЕЛ и со број на жиро - сметка 40100-601-402711, е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава, а најдоцна од последната објава.

Од ликвидаторот. (6341)

Ликвидаторот Ацо Дамчевски од Скопје, ул. "Дрezденска" бр. 15-1/9, запишан во судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 3909/2001 година, објавува дека Друштвото за производство и трговија ФИГУРА Драган ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бул. "Јане Сандански" бр. 56/2-3 и со број на жиро - сметка 300000000911545, отворена при Комерцијална банка е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 15 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (6453)

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд II.Л. бр. 424/2001 од 09.01.2002 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Трговско претпријатие "МАРСИ" ДОО Скопје, ул. "Тодор Чангов" бр. 25/6, со жиро сметка 40100-601-104953.

За ликвидатор се определува лицето Ацо Дамчевски од Скопје, со стан на ул. "Дрезденска" бр. 15-1/9, тел: 378-979.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6452)

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд II.Л. бр. 36/2002 од 07.02.2002 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за трговија на големо и мало "ТРАЕЛ-Л-КОМЕРЦ" експорт-импорт ДОО од Скопје, ул. "Ѓорѓи Поп Христов" бр. 3/3-10, со жиро сметка 40100-601-244801.

За ликвидатор се определува лицето Ацо Дамчевски од Скопје, со стан на ул. "Дрезденска" бр. 15-1/9, тел: 378-979.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6451)

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд I.Л. бр. 385/2001 од 04.12.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Трговско претпријатие "ХУМ" ДОО експорт-импорт Скопје, ул. "Петар Михов" бр. 32-а, со жиро сметка 40100-601-66888.

За ликвидатор се определува лицето Смаиловиќ Адем од Скопје, со стан на ул. "Боро Менков" бр. 3/2-5.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6448)

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд II.Л. бр. 622/2002 од 28.02.2002 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за производство, трговија и услуги на големо и мало "МЕРЦЕДЕС" ДОО експорт-импорт ул. "Видое Смилевски Бато А-3 Б-2" бр. 7, со жиро сметка 40100-601-322194.

За ликвидатор се определува лицето Спиро Митревски од Скопје, со стан на бул. "Јане Сандански" бр. 109-3/34.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6447)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд I.Л. бр. 513/2002 од 25.12.2001година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за трговија "ЕМИ КОМЕРЦ" - Скопје, ул. "Драгиша Мишовиќ" бр. 7.

За ликвидатор се определува лицето Спиро Митревски од Скопје, со стан на бул. "Јане Сандански" бр. 109-3/34.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6445)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд II.Л. бр. 26/2002 од 18.02.2002 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за трговија и услужни дејности "СТЕЛА М" експорт-импорт ДОО од Скопје, ул. "Теодосие Синаитски" бр. 3-а, со жиро сметка 40120-601-217375.

За ликвидатор се определува лицето Ацо Коцевски од Скопје, со стан на ул. " Теодосие Синаитски " бр. 3-а.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6443)

---

Ликвидаторот Сехас Хајдари од с. Кондово, Скопје, запишан во судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 3216/2001 од 09.11.2001 година, објавува дека Друштвото за производство, трговија и услуги ГРАЧАН КОМПАНИ Сехас ДООЕЛ експорт-импорт, со жиро - сметка бр. 40120-601-192013, филијала Скопје е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 30 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (6441)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд II. Л. бр. 46/2002 од 14.02.2002 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за инженеринг и трговија "ШИВА ИНЖЕНЕРИНГ" увоз-извоз ЦО од Скопје, бул. "Видое Смилевски Бато" бр. 11-II/3, со жиро сметка 40100-601-177487.

За ликвидатор се определува лицето Тодевски Душко од Скопје, со стан на ул. "Беровска" бр. 2-2/15.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6610)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд I. Л. бр. 15/2002 од 01.03.2002 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Производно, трговско претпријатие за промет на големо и мало "ИБРО ПРОМ" ЦО експорт-импорт-с. Арачиново-Скопје, ул. "Маршал Тито" бр. 46/1, со жиро сметка 40110-601-131956.

За ликвидатор се определува лицето Бениќ Златко од Скопје, со стан на ул. "Јане Сандански" бр. 18/10.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6613)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението на овој суд II. Л. бр. 56/2002 од 26.02.2002 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Производно трговско претпријатие "26 ЈУЛИ-КОМПАНИ" ДОО увоз-извоз Скопје од Скопје, ул. "Славе Георгиевски" бр. 2, со жиро сметка 40100-601-311456.

За ликвидатор се определува лицето Петровски Тодорче од Скопје, со стан на ул. "Лисец" бр. 23.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6618)

---

Ликвидаторот Нурковиќ Садија од Скопје, ул. "Џон Кенеди" бр. 5/I-22, запишан во судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П. Трег. бр. 3488/2001, објавува дека Друштвото за производство, промет и услуги ЕВРО-ТЕКС увоз-извоз Дука ДООЕЛ Скопје и со број на жиро сметка 300000001117864 отворена при ЗПП Филијала-Комерцијална банка е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од денот на последната објава.

Од ликвидаторот. (6623)

---

Ликвидаторот Снежана Балова, ул. "Кочо Рацин" бр. 2, Штип, запишана како ликвидатор во трговскиот регистар при Основниот суд во Штип, објавува дека Друштвото за производство, трговија и услуги Термотехника увоз-извоз ДООЕЛ Кочани, со број на жиро сметка 40400-601-41175 депонент Тутунска банка Кочани, е во постапка на ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на последната објава.

Од ликвидаторот. (6763)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 885/2002 од 27.02.2002 година, во регистарската влошка бр. 02002352?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар ликвидаторот и престанокот со работа на Друштвото за производство и трговија ДР. ОЕТКЕР Аугуст Оеткер, ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, ул. "Србија" бр. 55, Скопје.

Запишување на ликвидатор и престанок со работа на: Друштво за производство и трговија ДР. ОЕТКЕР Аугуст Оеткер, ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, ул. "Србија" бр. 55, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6880)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 3592/2001 од 21.12.2001 година, во регистарската влошка бр. 02003743?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар ликвидаторот и престанокот со работа на Трговското друштво за производство, промет и услуги ЕЛМОНТ КОМЕРЦ Сашо ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, ул. "Миле Попјорданов" бр. 70/30.

За ликвидатор се запишува Гајиќ Бојана и престанок со работа на ДООЕЛ.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6882)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 4076/2001 од 21.12.2001 година, во регистарската влошка бр. 02009372?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар ликвидаторот на Друштвото за трговија, производство и услуги АГРОЕКСПОРТ Љубомир ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. "Ѓорче Петров" бр. 1627-4/60.

Се запишува ликвидаторот Ефтим Петров.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6883)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 3324/2001 од 06.02.2002 година, во регистарската влошка бр. 02032299?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар ликвидаторот на Друштвото за трговија и услуги ВИЗИОНАР Ѓорѓе ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. "Народен Фронт" бр. 31-31.

Запишување на ликвидатор и престанок со работа на друштвото.

Се запишува ликвидаторот Ефтим Петров.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6885)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 3323/2001 од 18.01.2002 година, во регистарската влошка бр. 02038296?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар ликвидаторот и престанокот со работа на Друштвото за трговија МАК МЕДИА Огниан ДООЕЛ Скопје, ул. "Воин Драшковиќ" бб.

Запишување на ликвидатор и престанок со работа на: Друштво за трговија МАК МЕДИА Огниан ДООЕЛ Скопје, ул. "Воин Драшковиќ" бб.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6887)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 4164/2001 од 08.02.2002 година, во регистарската влошка бр. 02013490?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар ликвидаторот на Друштвото за производство, промет и услуги ПИНО Џевдат ДООЕЛ Скопје, ул. "Тале Христов" бр. 2, Скопје.

Се запишува ликвидаторот Борис Неделков.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6889)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 1661/2002 од 04.03.2002 година, во регистарската влошка бр. 02006633?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар запирањето на постапката за ликвидација на Друштвото за производство, трговија и услуги НИКО-САН Горица ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. "Ѓорѓи Капчев" бр. 17/2.

Се запира постапката за ликвидација на: Друштво за производство, трговија и услуги НИКО-САН Горица ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. "Ѓорѓи Капчев" бр. 17/2.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (6877)

---

